Република Северна Македонија
Општина Долнени

Локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Dollnenit
Vetëqeverisja Lokale

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутотна општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам 25 (дваесет и петата) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.05.2023 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

Д н е в е н р е д

38. Усвојување на Записникот од дваесет и четвртата седница на Советот на општина Долнени.
39. Измени и дополнување на Буџетот за 2023 год.
40. Одлука за дофинансирање на проекти.
41. Разно.

Претседател на Советот
на општина Долнени - Долнени

Хусеин Хасановиќ

# З А П И С Н И К

Од одржаната 25 (дваесет и петата) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.05.2023 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа 15-членови и тоа: Виктор Перески, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски и Ахмедин Рамовиќ и Линдита Сулејманоска. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Д н е в е н   р е д

15. Усвојување на Записникот од дваесет и четврта седница на Советот на општина Долнени.
16. Измени и дополнување на буџетота за 2023 год.
17. Одлука за дофинансирање на проекти.
18. Разно

Претседателот на советот предложи да се надополни со уште една точка Одлука за давање на согласност на Финансискиот план на ЈКП – Долнени за 2023 година.

1.По однос на првата точка од дневниот ред без дискусија од страна на советниците. Претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

2. По однос на втората точка од дневниот ред од страна на раководителот за финанси беше претставена ова точка конкретно за што е пренамената на средствата, дека е за превоз учениците во таа дискусија имаше прашање и од страна на советникот Виктор Перески за колку месеци ќе има исплата откако немаше други прашања, Преседателот на советот ја стави точката на гласање од кој 15 советника гласаа ЗА.

3.По однос на третата точка која беше преставена од страна на Градоначалникот на Општина Долнени и откако немаше прашања

претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој 15 советника гласаа ЗА.

4. По основ на четвртата точка од дневниот ред збор зеде преставникот од ЈКП – Долнени Владо кој образложи за што станува збор и нагласи како секоја година така и оваа година треба да се донеси овај Финансиски план за 2023 година. Преседателот на советот ја стави точката на гласање од кој 15 советника гласаа ЗА.

5. Разно.

По точка разно се дискутираше по однос на 6 доставени барања до советот и тоаа:

Барање од Абдула Бајрамоски од с.Дебреште по втор пат бидејќи немаше одговор од предходното поднесено барање за помош на парични средства за настанатиот пожар што му ги зафате плевната и дел од куќата советот едно гласно донесе одлука за да му се помага со 30.000 денари.

Барање од организаторите што организираат турнир во мал фудбал во с. Лажани советот едно гласно донесе одлука за да и се исплати 20.000 денари.

Барање од советниците Назим Ахмедоски и Линдита Сулејманоска одс.Житоше за обезбедување место за гробишта.Ова барање беше подржена од сите советници, и е оставена да се консултират службите од одделението за урбанизам на Општина Долнени, и како е согласно законот бидејќи се работи за гробишта.

Барање од советниците Назим Ахмедоски и Линдита Сулејманоска одс.Житоше за легализација на местото каде е играден стадионот.Ова барање беше подржена од сите советници, и е оставена да се консултират службите од одделението за урбанизам на Општина Долнени, и како е согласно со законот за легализација.

Барање од советниците Назим Ахмедоски и Линдита Сулејманоска одс.Житоше за дислокација на дел од водоводната мрежа од околу 200 метра должина.Ова барање беше подржена од сите советници, и е оставена да се консултират службите од ЈКП Долнени на Општина Долнени.

Барање од советниците Нади Садикоски Раим Адемоски и Шенај Зера Ќамилоска од с.Црнилиште за кофинансирање на веќе поќнат градење мост во реката Строшка. За ова барање имаше дискусија колкав е мостот, колку изнесуват трошоците,можеби ќе треба проект и не се донесе одлука бидејќи не се знат трошоците за мостот.
Барање од црковниот одбор од с. Лажани кои бараат да им се додели материјална помош 30м кубни песок. Советот донесе заклучок да им се доделат тие 30м кубни песок.

З а п и с н и ч а р

Еркан Ајдароски

Претседател
на Советот на општина  Долнени

Хусеин Хасановиќ